Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 481 www.mchamber.mk 11.02.2022




# ИНТЕНЗИВНИ АКТИВНОСТИТЕ ЗА ИЗНАОЃАЊЕ ПОДОБРИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРИМЕНА НА “НЕДЕЛА-НЕРАБОТЕН ДЕН“

*Укинување на парафискалните давачки и плаќање на доспеаните обврски кон приватниот сектор очекуваме да бидат следни чекори на Владата*

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# Укинување на парафискалните давачки и плаќање на доспеаните обврски кон приватниот сектор очекуваме да бидат следни чекори на Владата



Ефикасноста што Собранието, како највисок орган во државата, ја покажа при донесувањето на Законот за минимална плата да продолжи веднаш и со укинување на парафискалните давачки, а Владата да ги исплати доспеаните побарувања кон приватниот сектор
Укинување на парафискалните давачки и плаќање на доспеаните обврски кон приватниот сектор очекуваме да бидат следни чекори на Владата

Во 2010 година кога Стопанската комора на Македонија излезе со новата програма за економски развој, централната проекција беше дека приватниот сектор со таа реформа мора да биде стожер на економскиот раст и да ја апсорбира високата невработеност. Со тоа, ние како најголеми претставници на приватниот сектор, јасно дефиниравме дека поддржуваме зголемување на платите и подобри услови за работа, но јасно укажавме дека тоа може да се случи само доколку државата навреме ги извршува обврските кон приватниот сектор, доколку се укинат парафискалните давачки и се намалат даноците и придонесите. Само така може да продолжи и инвестиционата активност и отворањето на нови работни места.

После прашањето на минималната плата и уредување на неделата како неработен ден и покрај забелешките на компаниите, единствено што е можно е овие три барања државата да ги исполни во целост и во што пократок рок, а на тоа би го додале и прашањето со енергетската криза, за која компаниите не се виновни. Виновна е државата (што не изградила стратегија за развој на енергетиката, не инвестирала во енергетски објекти и лошо менаџирала со истите), а товарот паѓа врз приватниот сектор.

Стопанската комора на Северна Македонија, како партнер на јавниот сектор,

принципиелно поставува едно многу едноставно прашање: Дали сега е вистинското време за решавање на крупните прашања коишто ќе овозможат натамошен развој на бизнисот и ќе ги апсорбираат трошоците создадени со новите законски решенија?
Ние мислиме да, бидејќи овие прашања (за парафискалните давачки, навременото исполнување на обврските кон приватниот сектор, вклучувајќи ја и потребата од измена на членот 218 од Законот за извршување, кој и натаму се злоупотребува и за намалување на даноците и придонесите) би довеле до создавање атмосфера потребна за остварување на Програмата за економски раст што Владата ја има проектирано за крајот на борбата со пандемијата.

И ние сме за работниците, бидејќи ние ги претставуваме компаниите, а во нив се и работниците и работодавачите. Следствено на тоа, без работниците не може да се одвива процесот на работа, а камоли да се прави профит.

И не само тоа, нашата сугестија е средствата за реализација на овие неколку прашања да се бараат во самата државна администрација, каде во секој извештај се наведува нејзината неефикасност и нерационални трошења и на таков начин нема да се оптеретува државата со нови задолжувања. Така, ќе се мотивира за поголема продуктивност и приватниот, но и државниот и јавниот сектор и на таков начин ќе се остварат целите зацртани во новите закони коишто го регулираат прашањето на минималната плата и на неделата како неработен ден.

На крајот, сакаме да истакнеме и една работа којашто мора да се има предвид, а е поврзана со нашите интегративни процеси во Европската унија, а тоа значи дека на економските субјекти треба да им се утврдат правилата на игра, но и да им се дозволи потполна слобода во регулирањето на нивното работење. Доколку тоа не се случи, државата на располагање има инспекциски служби, кои можат тоа да го санкционираат. Се на се, ние остануваме партнери затоа што друго не е можно, бидејќи нашата позиција освен дијалог, не подразбира ниедна друга мерка и упорно ќе продолжиме така во интерес на државата и на сите нас.



# СКОПСКИОТ АЕРОДРОМ ПОВТОРНО ГО ДОБИ ПРИЗНАНИЕТО НА ИНИЦИЈАТИВАТА „ГЛАСОТ НА КЛИЕНТОТ“




Меѓународниот Аеродром Скопје повторно се стекна со признание од Меѓународниот совет на аеродроми (ACI – Airports Council International World) во иницијативата наречена „Гласот на клиентот“, со која се препознаваат и им се оддава признание на аеродромите што вложиле и покажале значајни напори во собирање повратни информации од патниците преку програмата за Квалитет на аеродромските услуги.

Според информациите од ACI, скопскиот аеродром е еден од преку 200 аеродрома на светско ниво што даваат приоритет на слушање на клиентите за време на пандемијата и што се стекнаа со ова признание. Меѓународниот Аеродром Скопје припаѓа во група од 86 аеродроми во регионот на Европа; потоа следат 73 аеродроми во Азиско-Пацифичкиот регион, 32 аеродрома од Северна Америка, 16 аеродроми од Латинска Америка-Кариби, 10 аеродроми од Африка и 8 аеродроми од Блискиот Исток.
Генерален директор на ТАВ Македонија, Метин Батак, изразува задоволство што Меѓународниот Аеродром Скопје е препознаен и признаен од страна на Меѓународниот совет на аеродроми и тоа по втор пат по ред откако оваа иницијатива започна во 2020 година.

– Задоволството на нашите клиенти секогаш е наш врвен приоритет. Преку анкетите за Квалитет на аеродромските услуги на ACI ние сме поблиску до нашите клиенти бидејќи слушањето на нивните мислења и коментари навистина ни помагаат да ги подобриме нашите услуги со само една цел пред нас, а тоа е да ги исполниме потребите и очекувањата на патниците кои што патуваат преку нашите аеродроми и во исто време да направиме тие да се чувствуваат безбедни и релаксирани, вели Батак.

ТАВ Македонија, како што информираат од компанијата, ја заврши 2021 година со вкупно 1.392.378 патници кои патувале преку двата аеродрома, Меѓународен Аеродром Скопје и Аеродромот Св. Апостол Павле – Охрид. Оваа бројка, споредена со 2019 година (2.677.618), како референтна година, или година пред пандемијата, покажува 48 проценти пад во патничкиот сообраќај, додека споредено со 2020 година, кога вкупната бројка на патници беше 782.876, прикажува 78 отсто пораст во бројот на патници.

# ИНТЕНЗИВНИ АКТИВНОСТИТЕ ЗА ИЗНАОЃАЊЕ ПОДОБРИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРИМЕНА НА “НЕДЕЛА-НЕРАБОТЕН ДЕН“




Стопанската комора на Северна Македонија на прес конференција информираше за преземените активностите за изнаоѓање подобри решенија за примена на “недела-неработен ден“, откако на седница на УО на Комората одржана на 21.1.2022 година одлучи дека на 18 февруари 2022 година, на денот на 100-годишнината на Комората, ќе ги повлече иницијативите пред Уставниот суд на РСМ во врска со законското решение за „недела - неработен ден“ доколку во периодот што претстои се најдат сеопфатни решенија за проблемите со кои се соочуваат компаниите околу спроведувањето на Законот. За таа цел на 27.1.2022 година се одржа средба на 50-тина компании, на која се донесе заклучок да се интензивираат активностите за изнаоѓање подобри решенија за примена на “недела-неработен ден“ со конкретни предлог-решенија.

Меѓу дејностите на кои моментно, со таксативното набројување во Законот, им е дозволено работење во недела, испуштени се суштинските, како градежништвото или трговијата (на големо и мало), кај кои е неопходен континуитет во работните процеси.

Како што истакна Орде Ѓорѓиоски од „Витаминка“ АД Прилеп, од недовлно јасни причини се утврдија дејностите каде по исклучок, согласно специфики, би можело да се работи во недела, а друг ден да биде за одмор. Не ни е јасно од каде некои дејности се повластени, а некои иземени. Кои биле критериумите?. Потребно е едноставно регулирање, без таксативно наведување на дејностите кои ќе имаат право да работат во недела и да се овозможи со пријава до Инспекторатот за труд кои компании сакаат, да работат, но и на работниците да им исплати додаток на плата. Како претставник на прехранбениот сектор, законското решение мора да ја поддржува и четирисменската работа, рече Ѓорѓиоски.

Тој истакна дека ако и натаму дополнително се предвидуваат дејности кои би работеле во недела, само ќе се стимулира правната несигурност, а Законот ќе биде подложен на чести ревизии и дополнувања.

Во секторот градежништво без можност за работа останаа градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите иако постојано се укажуваше дека поради спецификите на овие дејности потребен е континуитет во работата и непречено одвивање на техничко – технолошкиот процес, а сепак се изоставени во исклучоците на Законот за работни односи, посочи м-р Нена Николовска од Стопанската комора во име на здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите. Пример за тоа вели е производството на други неметални минерални производи како што е производството на цигли, ќерамиди и производи од печена глина. За илустрација, техничко – технолошкиот процес, односно процесот на производство на керамички производи се одвива во печки што имаат сложен процес на работа и работат на темптература на 1.000 степени целзиусеви, додека процесот на гасење и нивно повторно рестартирање трае две недели (една недела гасење, една недела рестартирање) за да не дојде до хаварија. Притоа, едно палење на печката чини 150.000 евра, а честото гасење и рестартирање доведува до оштетување на структурата на печката што предизвикува дополнителни трошоци за ремонт. Оттука, ваквото решение не само што сериозно се одразува на финансиските резултати на компаниите, доведува и до ризик од хаварии и загрозување на безбедноста и здравјето при работа, но и до вишок на капацитети што негативно ќе се одрази и врз самите вработени. Следен проблем е производството на цемент кое исто така не трпи прекин поради природата на работата и активностите кои произлегуваат од дејноста. Загревањето на печката трае минимум 18 часа, што значи дека доколку не се работи во недела ќе повлекува значително намалување на капацитетите и во понеделник. И производството на производи од гипс за градежни цели кој се изведува во високи печки, стандардно овој процес се прекинува 3 дена на 3 месеци за техничка ревизија.

Кај производство на битуменски хидроизолациони материјали поради сложениот техничко технолошки процес греењето се прекинува само за време на колективен одмор и по завршувањето на колективниот одмор повторно се вклучува и континуирано се одржува. Оттука стопирањето на процесите во недела неминовно ќе придонесе и за намалување на капацитетите, како и за конкурентноста на

деловните субјекти што наместо посакуваната цел може да доведе до затворање на фабриките и губење на работните места, вели Николовска.

Од градежниот сектор информираат дека во јануари 2022 година, доколку недела беше работен ден ќе можеа да се реализираат 12 успешни работни денови, меѓутоа беа реализирани само 4 успешни денови бидејќи сите компании беа приморани да ги поврзуваат деновите кога има невреме со неработните денови (недела и празници). Велат новото законско решение не е во интерес на сите работници бидејќи ја скратува можноста за заработка на работниците кои сакаат да заработат повеќе. Подобрувањето на работните услови, цениме дека не треба да се гледа само низ призмата на празниците или неработните денови, туку и низ призмата на мотивираноста и продуктивноста на работниците. Поради тоа, потребна е флексибилност во организирањето на работните процеси, а акцентот да се стави на инспекцискиот надзор во однос на примената на важечките прописи.

Васко Ристовски, во име на секторот трговија укажа на потребата работата во недела како ден за неделен одмор за сите дејности да се регулира исклучиво со законот за работните односи бидејќи со посебниот закон за трговија различно се уредени работата во недела во трговијата на големо и мало; работното време; додатоците на плата за работа во недела и јавните давачки. Укажува дека без никакви претходно утврдени критериуми се ставени во нееднаква правна положба. Дополнително вели Ристовски, укажуваме и на неколку аспекти кои се во поткрепа на ставот дека решенијата кои се однесуваат за работа во ден на неделен одмор треба да се уредат единствено со Законот за работните односи и да се однесуваат на сите работодавачи и сите работници без оглед на видот на дејноста која ја вршат.

Согласно Законот за трговија, компаниите не смеат да работат во недела, на државни празници и други празници кои се определени како неработни денови согласно со закон, а во Законот за работните односи единствено се забранува работа во недела.

Со Законот за трговија се предвидува дополнителна јавна давачка од 2% од вкупниот приход остварен во претходната година во недела и на празници за компаниите на кои им е дозволено да работат што не се поклопува со интенцијата на законодавецот, за остварување на правото на неделен одмор и заштита на правата на работниците.

Нееднаков третман на трговците на мало и моловите од аспект на дефинирање дека само моловите со минимална ефективна површина за (8.000 м2), може да работат, без никакви образложение за вака поставениот критериум.

Различно вреднување на трудот на работниците од страна на законодавецот од аспект на надоместокот што е предвиден за вработените во Законот за работни односи 50% плус дневница за работа во недела, а за работниците во трговијата предвидена е 100% дневница за работа во недела и на празници.

Во законот за трговија целосно е заборавена можноста за работа на трговијата со нафта и нафтени стратешка дејност без која многу работни процеси не смеат да бидат прекинати. Ова значи дека компании кои се стратешки партнер на државата особено во услови на кризна состојба во енергетскиот сектор не може да работат во недела бидејќи трговијата на големо не е предвидена како исклучок од правилото дека недела е ден на неделен одмор.

Согласно сето погоре кажано, Даниела Михајловска Василевска од стопанската комора на прес конференцијата истакна дека водејќи се од Уставот како највисок правен акт во земјава согласно кој слободата на пазарот и претприемништвото се утврдува како темелна вредност на уставниот поредок и се гарантира еднаквата правна положба на сите субјекти на пазарот, истовремено имајќи го предвид фактот дека условите за стопанисување поради светската здравствено економска, финансиска и енергетска криза се отежнати а дополнително компаниите се соочуваат и со недостиг на кадар, членките на Комората имаат јасен став по прашањето за работа во недела.

Стопанската комора е институција која ги застапува фирми а во фирмите се и работодавачите и работниците и во таа насока предлага решенија за подобрување на имплементација на Законот во интерес на сите. Комора на иднината е концепт кој се грижи за своите членки, а работниците се клучни за успехот на економските субјекти и доследно треба да се почитува нивното уставно загарантирано право на платен дневен, неделен и годишен одмор, меѓутоа истото во никој случај не смее да подразбира изречна забрана за вршење на економска дејност и повреда на принципите на пазарната економија на кои се темели уставниот поредок. Затоа предлагаме - Компаниите да имаат можност самостојно да го организираат извршувањето на работите соодветно на спецификите на работните процеси од секоја дејност во сите седум дена од неделата, а на работниците да им се обезбедат сите права од работен однос, што треба да вклучува и плаќање на дополнителен додаток поради работа во недела како ден за одмор. При тоа за сите дејности без исклучок, единствено во законот за работните односи да се дефинира работа во недела како ден за неделен одмор.

# МАКЕДОНСКИ КОМПАНИИ ПРЕТСТАВЕНИ НА САЕМОТ ISM 2022 ВО КЕЛН



Најголемите шест македонски компании од кондитроската индустрија и членки на Стопанската комора на Северна Македонија изложуваа на „најслаткиот саем во светот", саемот ISM 2022 во Келн, Германија, кој кој се одржа од 30 јануари-2 февруари 2022 година. Своите производи ги изложија „Витаминка", „Макпромет", „Макпрогрес", „Виталиа", „Лион" и „Макс фуд".

Годинава, иако под силно влијание на пандемијата, со програмата, учесниците, активностите и можностите што ги нуди, ISM Келн уште еднаш си ја потврди репутацијата како најзначајно место за промовирање на еден производител. „Витаминка" е редовен изложувач тука и во досегашното искуство раководството на компанијата се увери во придобивките и реалните резултати. Истовремено, со својата разновидна, богата и квалитетна понуда, компанијата високо се позиционираше во нивото на производители и изложувачи присутни тука.

Од „Макпрогрес" информираа дека како компанија со интернационално портфолио и оваа година успешно се претставуваат со нивните брендови Vincinni и Donia како и новитетите кои следуваат наскоро на пазарот за потрошувачите.

ISM Келн е најголем светски саем специјализиран за кондиторија. Тука изложуваат најзначајните фирми од оваа индустрија и доаѓаат посетители од целиот свет. Оваа година на саемот во Келн учествуваат повеќе од 1.800 производители од 76 земји од светот, а се очекуваат повеќе од 38.000 посетители од индустријата и сегментот кондиторија од сите страни на светот.



# РЕЛЕВАНТНОСТ И КВАЛИТЕТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА - УСЛОВ ЗА СТРУЧЕН КАДАР И НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА

Претставување на новиот регионален проект: „Подобрување на квалитетот на образованието и обуката (ЕКВЕТ СЕЕ/ EQET SEE)" беше тема на денешната виртуелна конференција на која учествуваше Стопанската комора на Северна Македонија како една од реализаторите на проектот.

Проектот ќе се фокусира на зголемување на релевантноста на стручното образование и обука со потребите на пазарот на труд и подобрување на системот за квалитет (стандарди за квалитет и надворешна евалуација на институциите) во образованието.

Проектот е координиран од Секретаријатот на Иницијативата за образовни реформи на Југоисточна Европа (ЕРИ СЕЕ) како водечки партнер, во соработка со локалните партнери: Европската фондација за обука (ЕТФ) и Коморскиот инвестициски форум за 6-те земји од Западен Балкан (КИФ ЗБ) и стратешките партнери: Агенцијата за образование и интернационализација (ОеАД) и Постојаната меѓународна конференција на инспекторати (СИЦИ).

Проектот „Подобрување на квалитетот на образованието и обуката (ЕКВЕТ СЕЕ)" е финансиран од Австриската агенција за развој, како продолжение на неодамна завршениот регионален проект: „Кон регионално засновани стандарди на занимања" ( ТО РЕГОС), а реализатори се центрите за стручно образование и обука, стопанските комори и агенциите за квалификации за 6-те земји од Западен Балкан (Република Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора и Србија), како и институциите за обезбедување квалитет во земјите од ЗБ6 и Молдавија.

Главниот фокус на проектот ќе биде:
- Развој на регионални стандарди за занимања и квалификации, ориентирани кон пазарот на трудот и креирање образовни програми за стручно образование и обука, кои вклучуваат учење преку работа;
- Обезбедување квалитет во стручното образование и обука преку развивање помошни алатки и материјали;
- Поддршка на системот за квалитет и процесот на надворешна евалуација преку ревизија на националните методологии, инструментите и алатките за обезбедување квалитет;
- Поддршка на внатрешниот развој на квалитетот во самите институции за квалитет преку развивање регионални стандарди, процедури и обуки за квалитет.

Овој проект е значаен за сите економии затоа што е насочен кон една цел: обезбедување квалификуван и стручен кадар и намалување на невработеноста кај младите во Југоисточна Европа преку релевантност на стручното образование и обука со потребите на пазарот на труд, зајакнување на соработката помеѓу приватниот и образовниот сектор и унапредување на системот за квалитет во стручното образование и учењето преку работа, затоа што 30-40% од работодавачите сметаат дека вештините се несоодветни, а 24% од невработените млади лица во Западен Балкан се долгорочно невработени поради несоодветноста на вештините, во однос на 12% во Европската Унија.

# БИЗНИС ИДЕЈАТА Е САМО ЕДНА МАЛА КОЦКА ОД МОЗАИКОТ НА ЕДЕН СТАРТАП



*Интервју со Софија Дацева, предавач на Програмата за развој на стартап бизниси*

За развојот на бизнис идеја, иновативниот пристап и основањето на стартап бизниси, разговараме со Софија Дацева, млад претприемач, основач на две стартап компании Матриошка и ВАЈС Груп кои се занимаваат со развој на иновативни технолошки процеси во прехранбената индустрија. За време на своите додипломски студии на Универзитетот Халт во Лондон, на 23 години ја основа првата компанија како резултат на препознавање на бизнис можност на пазарот за развој на нов иновативен производ – сладолед со вино.

Самата иновација се состоеше во иновативниот технолошки процес на покачување на точката на мрзнење на виното од -18□ на 0□, кој се искористи за винскиот алкохол да се инкорпорира во основната смеса на сладолед и да се добие краен резултат каде едно канче од 180мл може да достигне еквивалентен ефект на конзумирање чаша вино. Со цел да ја развие бизнис идејата и истата да ја донесе на Британскиот и Македонскиот пазар, истата година Софија се запиша на магистарски студии по Иновации и Претприемништво при Варвик Универзитетот, на факултетот Варвик Производствена Група. По завршувањето на магистерските студии, Софија беше подржана од страна на Британската Влада и Варвик Универзитетот како и Варвик Научниот Парк со „старт-ап“ виза, со цел идејата полесно да може да влезе на Британскиот пазар. Во 2018 година Софија се пресели во С. Македонија, каде го доби првиот грант од страна на Фондот за Иновации и Технолошки Развој, како и доби дополнителен грант од Обединетото Кралство кои и овозможија да опреми лабораторија за И&Р во прехранбената индустрија и сладоледот од вино да стигне до фаза на пред-комерцијализација. Во текот на 2020 година, Софија ја доби првата инвестиција од страна на Х-Фактор Акцелератор Велес. Оваа инвестиција беше искористена за опремување на сопствена фабрика со производствен капацитет од 300 литри/час. Дополнително, истата година Софија препозна и друга можност на пазарот, односно начин на искористување на комињето и негова преработка во мултифункционален адитив од комиње кој би имал улога на антиоксидант, растителни влакна и природен обојувач за храна и се основа на бизнис модел на циркуларна економија. Како резултат на оваа идеја беше основана и втората компанија, ВАЈС Груп. Во Јануари 2021 година поради влегување во преговори со елитни ланци на супермаркети во Обединетото Кралство, Софија основаше подружница во Англија за продажба на винскиот сладолед на британскиот пазар. Дополнително, истата година компанијата склучи и договор за влез на домашниот пазар со винскиот сладолед во супермаркетите на Тинекс, почнувајќи од март 2022 година.



Покрај иновативна бизнис идеја, што според вас е пресудно за успех на еден нов бизнис?

- Бизнис идејата е само една мала коцка од мозаикот на еден стартап. За успех, потребни се многу други елементи кои доаѓаат при процес на реализација на истата. Имено, за една идеја да успее најпрво е потребно да се превземе ризик за истата да се оствари. Дополнително, потребно е да се биде упорен и секогаш да се наоѓаат начини да се продолжи напред. Потребна е и голема само-дисциплина, комуникациски вештини, управување со ризик, вмрежување, правилно менаџирање на времето и се разбира технички вештини – додека паралелно се справувате со легални, финансиски и тековни обврски на дневно ниво.

Кои се најголемите предизвици со кои се соочувате како млада компанија која работи на домашен и странски пазар?

- Земајки во предвид дека сладоледот со вино претставува иновативен производ, посебно поради фактот што нашата компанија има развиено технолошки процес кој го задржува винскиот алкохол во самиот сладолед, предизвици имавме на дневно ниво. Доколку би одделила, еден од најголемите предизвици беше целосно опремување на фабриката со линија за производство на сладолед од вино, во моментот кога сладоледот беше усовршен и веќе имавме добиено интерес од странски пазари за истиот. Земете во предвид дека сладоледот со вино не може да се произведе во обична фабрика за сладолед, односно истата мора значително да се адаптира, а кога сте старт-ап компанија и немате продажба позади себе, шансите да некоја постоечка фабрика за сладолед го направи тоа за вас се скоро невозможни. Поради тоа, немав друг избор освен да изградам автоматизирана производствена линија. Дополнително, фабриката започнав да ја опремувам за време на Ковид-19 пандемијата, што го отежна целиот процес дополнително.
Интересно е што си мислев дека кога конечно ќе ја завршам и инсталирам линијата предизвиците ќе престанат, но напротив сега сфаќам дека тоа бил само почетокот и дека истите во иднина само ќе се зголемуваат, што мислам дека е нормално и се очекува за секој старт-ап, а посебно кога си во сектор производство. На пример примена погрешна нарачка, софтверски проблем, пролонгирано време за транспорт се само дел од предизвиците кои континуирано се случуваат. Најважно во овие моменти сметам дека е рационалното однесување и брзо реагирање, со цел истите да се решат што побрзо и да се заштеди на време, што е еден од најскапоцените ресурси на секоја компанија.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Онлајн семинар**

**17.02.2022**

# Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси

Интелектуалниот капитал е највреден ресурс во организациите. Затоа, регрутацијата и селекцијата на најдобрите вработени, мерењето на перформансите на вработените и поставување на таргети за нивно подобрување, промоција на вработените, воспоставување на систем на награди според аналитички модел, предвидување на одлив на кадарот и развој на стратегии за негово задржување се клучни за подобро менаџирање на човечките ресурси, подобрување на нивните перформаси и на перфромансите на организациите. Развојот на технологијата се повеќе ја наметнува потребата за стекнување знаења и вештини за управување со податоци за вработените и креирање на метрики, аналитички модели и интерактивни извештаи во Power BI кои ќе озвожат извлекување на вредни информации од податоците и носење на одлуки со кои подобро ќе се менаџираат човечките ресурси. За таа цел, примената на аналитиката на човечки ресурси е од круцијално значење во ораганизациите. Во таа насока, Стопанската Комора на Северна Македонија организира онлајн обука на тема: „Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси " на 17.2.2022 година.

За кого е наменета обуката?

Обуката е наменета за сопственици, менаџери за човечки ресурси, вработени во секторот за човечки ресурси, професионаллци и консултанти за човечки ресурси, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на аналитика на човечките ресурси.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања и сертифициран професионалец за човечки ресурси. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 15.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3319&lng=1



**Онлајн семинар**

**22.02.2022**

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА ДО ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД КАКО ОБВРСКА НА РАБОТОДАВАЧОТ, АНАЛИЗА НА ОСНОВИТЕ ЗА ВАКВИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА И РАКОВОДЕЊЕ ПО КОНТРОЛЕН ЛИСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 22 февруари 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема „Задолжителни известувања до инспекторат за труд како обврска на работодавачот, анализа на основите за ваквите известувања и раководење по контролен лист".

Во рамки на обврската на работодавачот за упатување известување до инспекторатот за труд за работа под одредени услови, се вбројуваат токму областите кои ќе бидат предмет на обработка на оваа работилница.

Првично, ќе се анализира работата на празник со определување на нејзиниот поим и последователните обврски на работодавачот.

Потоа, ќе се дискутира за прекувремената работа преку осврт на основите за нејзино воведување и спроведување, како и работата ноќе, преку укажување на задолжителните права на работниците, чија заштита мора да биде од највисок приоритет.

Крајно, ќе се разгледа и работата во недела, при што ќе се разгледаат и актуелните суштински измени во оваа област.

При анализата на овие теми, ќе се потенцира начинот на кој може да се воспостави комуникација со надлежниот инспекторат за труд со цел да се оствари законската обврска за негово известување. Притоа, ќе се посочат релевантните обрасци за известување кои е потребно да се достават, како и начинот за нивно потполнување и испраќање, а ќе се прегледа и достапниот контролен лист за усогласеност со обврските по Законот за работни односи.

Предавач: Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3324&lng=1

Онлајн семинар

23.02.2022

# ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022 - КАКО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ-

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 февруари 2022 година, организира еднодневна „он-лајн“ работилница на тема: „ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022: КАО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ“

Цел на работилницата:

Постојат безброј можности на пазарот за раст и развој на компаниите, во теорија. Сепак, во пракса она што можеме и треба да го направиме е ограничено на неколку алтернативи. Истовремено, иако можностите се навидум неограничени, методите за раст се ограничени.

Кои методи за раст се популарни во 2022? И дали еден или повеќе од тие методи одговара за Вашата компанија?

Тема на оваа работилница се петте можни методи за раст кои се популарни за средни и големи компании во 2022 година. Искуства сублимирани од работа со преку 100 консалтинг клиенти ќе бидат поделени и продискутирани со учесниците во работилницата. Преку практични примери (case studies) методите за раст ќе бидат претставени во контекст на компаниите кои ќе имаат свои претставници за време на работилницата.

Предавач:

Александар В. Рибаќ е претприемач со богато бизнис искуство во земјата и странство. После три компании во регионот, и три во странство, сега работи како консултант на повисокиот менаџмент преку својата компанија во Лондон, додека ја спрема својата нова компанија. Александар ја направи TSM Global Ltd. која беше прогласена за најдобрата компанија за блокчејн маркетинг во светот од страна на GoodFirms.co. TSM Global ltd. им помогна на блокчејн компаниите кои инкасираа $300 милиони во инвестиции а сега вредат 4 милијарди долари. Од време на време Александар работи и како инвеститор и директор во стартап компании или е привремен извршен директор на интернационални дигитални компании. www.aleksandarvribak.com.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3322&lng=1



Онлајн семинар

24.02.2022

# ОПТИМИЗАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО ПО 5С МЕТОДОЛОГИЈАТА

Стопанската комора на Северна Македонија на 24 февруари 2022 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: „Оптимизација и уредување на работното место по 5С методологија“.

5С методологијата е една од основните алатки за изградба на KAIZEN филозофијата, како и воспоставување на LEAN системот во производствените и непроизводствените претпријатија.

5С е структуиран пристап за развој на работната дисциплина. Всушност, 5С е јапонска методологија развиена од страна на „Toyota“. Тоа е техника во 5 чекори која служи за промена на свеста на вработените во работното опкружување. Оваа методологија можеби изгледа како една од техниките за чистење, но не е само тоа, заднината е подлабока! 5С помага да се идентификуваат и елиминираат некорисните работи/отпад на работното место. Помага во воспоставување на попродуктивно и поквалитетно работно опкружување. Ја поттикнува компанијата да ги следи објектите/прашањата кои често се занемарени. 5С е алат за оптимизација на работните места.

Суштинската корист која 5С методологијата треба да ја донесе во компанијата е промена на однесувањето или промена на навиките на вработените во целите на оптимизација на работата во работните места, а со самото тоа и оптимизација на работата на компанијата.

Тоа подразбира запознавање со нејзините 5 принципи: Сортирање и класификација (Sort), Функционално распоредување или уредување (Set in Place), Чистење (Shine & Sweep), Стандардизирање (Standardise) и Прием и одржување (Sustain).

Предавач:

- Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад. Петнаесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music“ - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти и опрема), „ABC Proizvod“ - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality“ - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3323&lng=1

Онлајн семинар

24.02.2022

# ПОДГОТОВКА НА ПОДАТОЦИ, ПРЕДИКТИВНО МОДЕЛИРАЊЕ СО МЕТОДИ ЗА ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ И МАШИНСКО УЧЕЊЕ ВО EXCEL I POWER BI ЗА ПОДОБРИ БИЗНИС РЕЗУЛТАТИ

Во оваа дигитална ера, клучната „суровина“ за постигнување на конкурентска предност на компаниите и остварување на подобри резултати од работењето се податоците. Нивниот обем, брзина со која се креираат, извори од кои доаѓаат им задава нов предизвик на компаниите и само ако знаат како да ги подготват податоците за анализа, да ги анализираат, моделираат, визуелизираат тие ќе можат да носат подобри одлуки и да креираат вредност (зголемен профит, удел на пазарот, ефикасност, задоволство на вработени, клиенти, добавувачи, итн.). Предиктивната аналитика дава одговор на прашањето што ќе се случи во идниниот период? и врз основа на добиените сознанија, компаниите ќе може да ги преземат потребните акции за постигнување на клучните индикатори на перформанси. Покрај тоа, методите и алатките на предиктивната аналитика овомужуваат утврдување на тоа што влијае на остварување на успешни резултати. Во таа насока, обуката има за цел да ги воведе слушателите во најсовремените методи на машинското учење, податочното рударење за предвидување на идните резултати и двигалтели на успешни резултати кои ќе се применуваат на низа практични примери.

Обуката е наменета за сопственици, менаџери, професионалци и консултанти за податоци, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на предиктивната аналитика.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија. Има голема „архива“ на меѓународно искуство и стекнати признанија и награди од водечките меѓународни здруженија во нејзината област. На извонреден начин го пренесува своето знаење за клучните вештини на 21-от век (бизнис интелигенција, бизнис аналитика, наука за податоци, вештачка интелигенција, машинско учење, моделирање) со цел да им помогне на организациите да имаат обучени професионалци за податоци за да можат да ги подобрат своите перформанси и да остварат конкурентска предност.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 22.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3320&lng=1



Онлајн семинар

25.02.2022

# MS ЕКСЕЛ 2016 КАКО СОФТВЕР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ

Успешните компании, одличното познавање на Excel го ставаат како еден од главните предуслови за вработување и професионален напредок. Станува збор за програма која овозможува да сработите повеќе работа за помалку време како и да ги искористите податоците на најдобар можен начин. Сè почестата употреба на Excel, во различни сфери и за различни намени, доведува до сè поголеми потреби за обуки кои се занимаваат со оваа програма.

Обуката за Excel е прилагодена за вработените во организациите кои сакаат да напредуваат во својата работа, но и за невработените лица заради стекнување предност при вработување. Содржините се кратки и јасни, без премногу теорија и со конкретни примери од пракса кои ќе Ви овозможат лесно да го разберете градивото и да го примените стекнатото знаење. По завршувањето на обуката ќе бидете оспособени, за најкратко време, да уредувате, анализирате и презентирате податоци во Excel. При тоа ќе знаете:

- Работа со табели;
- Групирање на податоци;
- Валидност на податоци;
- Условно форматирање;
- Работа со формули и функции;
- Креирање сценарија;
- Графички приказ на податоци во рамки на ќелија (Sparklines);
- Заштита на работни листови и датотеки;
- Практична примена на Ексел во човечки ресурси.

Предавач: Ирина Иванова, дипломиран инженер и професор по информатика веќе 20 години. Обучувач во областа на ИТ. Активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и национален обучувач. Воедно е и Scientix амбасадор за Македонија. Учесник е на бројни конференции, но и автор на прирачници за основно и учебници за средно образование.

За сите учесници ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн семинарот;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Рок за пријавување:22.2.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3321&lng=1

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088